РЕПУБЛИЧКИ
СОВЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА СООБРАЌАЈОТ
НА ПАТИШТАТА

број 0302-148/2
датум 02.10.2024 година

Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), врз основа на член 42 став (3) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост („Службен весник на Република Македонија“ бр. 78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/19, 275/19 и 122/21) и Одлуката за давање согласност за спроведување постапка за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад, донесена од Владата на Република Северна Македонија под број 41-429/9 од 27.08.2024 година, објавена во Сл.Весник на РСМ број 180 од 30 август 2024 година, објавува:

**ЈАВЕН ПОВИК**

**за избор на правно лице кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад**

**Скопје, 18 октомври 2024 г.** – Републичкиот Совет за безбедност на сообраќајот на патиштата (РСБСП), го објавува овој јавен повик со цел - избор на правно лице, кое врши дејност или поседува дозвола за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад.

На повикот може да конкурираат правни лица со важечки дозволи за дејност што е предмет на овој јавен повик или конзорциум од правни лица со соодветни дозволи издадени од надлежен орган.

Предмет на јавниот повик се движни ствари кои поради нивната дотраеност, неупотребливост или технолошка застареност не се користат од страна на РСБСП. Движните ствари за кои Владата на Република Северна Македонија донесе одлука под број 41-429/9 од 27.08.2024 година, објавена во Сл.Весник на РСМ број 180 од 30 август 2024 година, ќе бидат предадени во оваа постапка за избор на правно лице кое врши дејност, или поседува дозвола, за собирање и/или транспортирање, преработка, рециклирање и уништување на отпад. Со избраното правно лице ќе биде потпишан Записник за преземање на средствата за кои престанала потребата од користење, а во врска со одлуката на Владата.

Критериум за избор на правно лице е рокот за преземање на движните ствари предмет на јавниот повик. Преземањето на движните ствари е без надомест.

Избраното правно лице на јавниот повик ќе има обврска да изврши преземање на движните ствари - електронска, компјутерска и друга информатичка опрема, како и канцелариски мебел, а се предмет на јавниот повик од седиштето на РСБСП и истите да ги транспортира како отпад на соодветен начин, согласно со законските прописи.

Сите информации за јавниот повик се достапни на линкот подолу.

Краен рок за доставување на пријава за учество **е 22.10.2024 година до 10:00 часот.**

КОМИСИЈА